ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2023 ГОДИНА НА
# ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ „БРЕГАЛНИЦА“ДЕЛЧЕВО

01 2024 10 02

Скопје, март 2025 година

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавно комунално претпријатие „Брегалница” Делчево, за 2023 година.

Со извршената ревизија, изразивме неповолно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2023 година и за усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

Извршена е ревизија и издаден е Конечен извештај за финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на ЈКП „Брегалница” Делчево за 2003 година, во кој е изразено мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и неповолно мислење за усогласеност со закони и прописи.

Спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2003 година, не беше предмет на оваа ревизија, од причина што од последната ревизија на јавното претпријатие изминат е подолг временски период и настанати се промени во законската регулатива со која е уредено работењето.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност кај ЈКП „Брегалница” Делчево за 2023 година ги утврдивме следните состојби:

- земјиштето со кое располага претпријатието не е во целост евидентирано и не е извршена проценка на пазарна вредност од овластен проценител;
- за евидентираната водоводна и канализациона мрежа не се преземени активности за регулирање на правата на сопственост и не се евидентирани капиталните вложувања во изградба и реконструкција на истата;
- не е утврдена објективната вредност на основната главнина и не е извршен упис во трговскиот регистар и регистарот на други правни лица при Централниот регистар на Република Северна Македонија како основачки влог;
- побарувањата за кои постојат објективни докази дека претпријатието нема да може да ги наплати не се обезвреднети и не се преземени целосни мерки за присилна наплата;
- постојат неправилности во начинот на управување со залихите на материјали, резервни делови и ситниот инвентар;
- признаени расходи во износ од 3.968 илјади денари без соодветна и поткрепувачка документација, за издадени залихи и потрошено гориво;
- пописот на средствата и обврските не е целосен и не е извршено усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот;
- сметководствени политики кои се применуваат во изготвувањето, презентирањето и обелоденувањето на финансиските извештаи на претпријатието не се донесени;

- неправилности во начинот на пресметка и исплата на плата и надоместоци на плата на вработените и во ангажирањето на лица преку Приватна агенција за вработување;
- обврските по основ на надомест за користење вода и надомест за испуштање води во износ од 3.858 илјади денари не се платени во Буџетот на Република Северна Македонија;
- надоместокот за одржување на јавна чистота и надоместокот за одржување на јавното градско зеленило во износ од 2.999 илјади денари, не се уплатени на сметката на буџетот на општината, а програмските активности за одржување на комунална хигиена се без соодветна поткрепувачка документација;
- висината на надоместокот за управување со комунален отпад не е реално утврдена и
- единица за внатрешна ревизија не е воспоставена.

За надминување на констатираните состојби дадени се препораки со цел преземање на мерки и активности од надлежните лица и органи во функција на подобрување на состојбите.

Во делот Нагласување на прашања, ревизијата известува за судските спорови во кои ЈКП „Брегалница“ Делчево е странка во постапките и постои неизвесност во конечниот исход.

Во делот на клучни прашања ревизијата известува за значителното отстапување на количината на приходувана вода во однос на произведена за 2023 година. Имено, 61,37% од вкупната влезна количина на вода во водоснабдителните системи изразена во метри кубни е нефактурирана што има за ефект помалку остварени приходи на јавното претпријатие, помалку пресметан ДДВ и помалку пресметан надоместок за користење на вода, кои претставуваат приходи на Буџетот на Република Северна Македонија.

Во делот на внатрешните контроли утврдивме дека не се донесени пишани процедури за активностите поврзани со економските операции и не се назначени лица за контрола, за да се потврди целосноста, комплетноста и точноста на документацијата.

Од страна на одговорното лице, не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

# С О Д Р Ж И Н А


| Опис | | Страна |
|---|---|---|
| 1. | Вовед | 1 |
| 2. | Мислење на ревизијата | 2 |
| 3. | Основ за изразување на мислење | 2 |
| 3.1. | Основ за неповолно мислење за финансиските извештаи | 3 |
| 3.2. | Основ за неповолно мислење за усогласеност со закони и прописи | 10 |
| 4. | Нагласување на прашања | 20 |
| 5. | Клучни ревизорски прашања | 20 |
| 6. | Законска основа за ревизијата и временскиот период | 21 |
| 7. | Опфат и ограничувања | 21 |
| 8. | Одговорност за финансиски извештаи | 22 |
| 9. | Одговорност на ревизорите | 22 |
| 10. | Недостатоци во внатрешната контрола | 24 |
| 11. | Одговор на ревидираниот субјект | 24 |
| Финансиски извештаи за 2023 година | | |
| Биланс на успех | | 25 |
| Биланс на состојба | | 26 |
| Преглед на промени на капиталот и резервите | | 27 |
| Извештај за паричниот тек | | 28 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | | |
| Вовед | | 29 |
| Сметководствени политики | | 34 |
| Образложенија кон финансиските извештаи | | 39 |
| Финансиски показатели | | 47 |

Список на кратенки

| | |
|---|---|
| АКН | Агенција за катастар на недвижности |
| ДДВ | Данок на додадена вредност |
| ЗТД | Закон за трговските друштва |
| ЗЈН | Закон за јавните набавки |
| ЗЈВФК | Закон за јавна внатрешна финансиска контрола |
| ЈКП | Јавно комунално претпријатие |
| МСФИ | Меѓународен стандард за финансиско известување |
| МСЕ | Мали и средни ентитети |
| НБРСМ | Народна банка на Република Северна Македонија |
| РКЕ | Регулаторна комисија за енергетика |
| УЈП | Управа за јавни приходи |
| УО | Управен одбор |

Број: 17-72/3
Дата: 10.03.2025

## 1. Вовед

Јавното комунално претпријатие „Брегалница” Делчево е основано за вршење комунални дејности од јавен интерес кои се незаменлив услов за животот на граѓаните на подрачјето на Општина Делчево. Основач на претпријатието е Општина Делчево која ги има сите права и обврски кои произлегуваат од Законот за јавните претпријатија и други законски прописи. Согласно Статутот на претпријатието негова основна дејност е зафаќање на сурова вода, нејзин третман и дистрибуција до крајните потрошувачи. Покрај оваа дејност, претпријатието врши и отстранување на отпадоци и смет, санитарни и слични активности, обработка и депонирање на комунален и цврст отпад, депонирање на индустриски отпад и штетни материи, одржување на јавна чистота во градски и други населби.

Претпријатието е основано со Одлука на Собранието на Општина Делчево, кое во правниот промет со трети лица настапува во свое име и за своја сметка, а за обврските створени во правниот промет одговара со целиот имот.

Седиштето на претпријатието е во Делчево, каде е и лоцирана управната зграда со магацинските простории, додека производството на вода го обавуваат во пречистителната станица која се наоѓа во место Шамак, с.Тработивиште, сопственост на Општина Делчево.

## 2. Мислење на ревизијата

Извршивме ревизија на:

- финансиските извештаи на страна од 25 до 28 на Јавното комунално претпријатие „Брегалница" Делчево, за 2023 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на успех за годината која завршува со тој датум, Преглед на промени на капиталот и резервите, Извештај за паричниот тек и применетите сметководствени политики и објаснувачките белешки кон финансиските извештаи.
- усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Јавното комунално претпријатие „Брегалница" Делчево за 2023 година со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.1., финансиските извештаи не ги прикажуваат, вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Јавното комунално претпријатие „Брегалница" Делчево на ден 31 декември 2023 година, како и финансиската успешност и паричните текови за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.2, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Јавното комунално претпријатие „Брегалница" Делчево, за 2023 година, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 3. Основ за изразување на мислење

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI) и Кодексот на етика на Државниот завод за ревизија. Одговорностите согласно ISSAI се опишани во делот на Одговорност на ревизорите за ревизијата на финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме обезбедено се доволни и соодветни за да обезбедат основ за нашето ревизорско мислење.

### 3.1 Основ за неповолно мислење за финансиските извештаи

3.1.1. Во финансиските извештаи на ЈКП „Брегалница" Делчево, материјалните средства на ден 31.12.2023 година, се проценети со сегашна вредност од 58.306 илјади денари, а се однесуваат на земјиште, градежни објекти, постројки и опрема и транспортни средства. Со извршениот увид во материјалната, сметководствената евиденција и прилог документацијата, ги утврдивме следниве недоследности:

- земјиштето е искажано со вредност од 977 илјади денари, а се однесува на земјиште кое е во сопственост на Република Северна Македонија, со право на користење на ЈКП „Брегалница" Делчево. Од извршениот увид во имотните листови, ревизијата утврди дека ЈКП „Брегалница" Делчево располага со земјиште во вкупна квадратура од 63.545м$^2$ на повеќе локации[21], кое не е евидентирано во сметководствената евиденција, од причина што не се преземени активности за вршење на проценка на вредноста на земјиштето согласно член 6 и 7 од Законот за процена[2], со цел искажување на реалната вредност на земјиштето;
- во материјалната и сметководствената евиденција, градежните објекти на крајот на годината се проценети со сегашна вредност од 35.909 илјади денари и ги опфаќаат: градежните објекти кои се во сопственост и ги користи ЈКП „Брегалница" Делчево, водоводна и канализациона мрежа која е со сегашна вредност од 32.906 илјади денари и потекнува од минати години, а за која јавното претпријатие нема преземено активности за запишување на правото на сопственост и другите стварни права на инфраструктурните објекти. Исто така, од 2018 година во континуитет не се евидентирани зголемувања на вредноста на водоводната и канализационата мрежа по основ на реконструкција и изградба на нови линии кои се финансирани од страна на Општина Делчево во износ од 13.553 илјади денари. Причина за ваквата состојба е не обезбедената комплетна документација за секоја локација поодделно со цел да се утврди вредноста на инвестицијата и нејзино навремено доставување до јавното претпријатие. Не запишувањето на правото на сопственост на инфраструктурните објекти не е во согласност со членовите 142, 143, 157 и 178 од Законот за катастар на недвижности и не обезбедува потврда на правото на сопственост на јавното претпријатие врз истите.

Ваквиот начин на евидентирање на материјалните средства, не е во согласност со Оддел 17 од МСФИ за МСЕ кој пропишува дека објективната вредност на земјиштето и зградите вообичаено е нивната пазарна вредност утврдена со проценка што се врши од страна на професионално квалификувани

---

[1] имотни листови бр. 1395 и бр.12423

[2] „Службен весник на Република Македонија" бр. 115/10, 158/11, 185/11, 64/12, 188/14, 104/15, 153/15, 192/15 и 30/16

проценители. Исто така, ваквата состојба не е во согласност со член 472 став 3 и 4 од Законот за трговските друштва[3] со кои е уредено дека податоците во трговските книги мора да бидат целосни, комплетирани, навремени, ажурирани и да бидат презентирани хронолошки и истите да се водат врз основа на веродостојни сметководствени документи, што влијае на реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2023 година и имотот со кој располага претпријатието.

Истовремено истакнуваме дека овие состојби влијаат на висината на тарифата за водна услуга, која се формира согласно Методологијата за определување на тарифите за водна услуга[4], одобрена од страна на РКЕ, врз основа на официјални податоци за финансиски извештаи доставени од ЈКП „Брегалница" Делчево, односно вредноста на искажаните материјални средства согласно Упатството[5] и Методологијата, влијае на параметрите при формирањето на цената на тарифите за водните услуги.

Препорака:

Одговорните лица за раководење и управување на ЈКП „Брегалница" Делчево да преземат конкретни мерки за:

- утврдување на пазарната вредност на земјиштето и негово евидентирање во сметководствената евиденција и
- за изградените инфраструктурни објекти (подземна или надземна водоводна и канализациона инсталација) со кои располага претпријатието да се отпочнат постапки за запишување на правото на сопственост на недвижниот имот во Агенцијата за катастар на недвижности и нивно соодветно евидентирање.

3.1.2. Со Законот за јавните претпријатија, е уредено дека за уписот во надлежниот регистар, организацијата и работењето на друштвата во државна сопственост, во сопственост на општината, се применуваат одредбите од член 298 од Законот за трговските друштва каде е предвидено дека во трговскиот регистар се запишува износот на основната главнина и бројот на издадените акции.

ЈКП „Брегалница" Делчево е основано од Собранието на Општина Делчево 1966 година со Решение на Собранието на Општина Делчево, како „Установа за комунални услуги" без притоа да се наведе износот на средствата/основачкиот влог на основачот на претпријатието. Во текот на 1989 година, со Одлука на

---

[3] Закон за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија" бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 290/20, 215/21 и 99/22)

[4] Методологија за определување на тарифите за водна услуга („Службен весник на Република Македонија" број 63/17, 172/ 18

[5] Упатството за подготовка на барањето за утврдување на тарифа за водна услуга, поднесоците критериумите за оцена бр. 01-1421/1 од 21.08.2017 година

Собранието на Општина Делчево број 0101-924 од 27.11.1989 година, установата за комунални услуги на здружен труд, е организирана во форма на: Јавно комунално претпријатие „БРЕГАЛНИЦА” Делчево, како јавно претпријатие за комунални дејности со што извршено е усогласување со Законот за јавните претпријатија, но повторно не е утврден основачкиот влог. Не запишаниот основачки влог на основачот на претпријатието, не е во согласност со член 10 став 1 точка 3 од Законот за јавните претпријатија во кој е уредено дека со актот за основање покрај другото се утврдува „износот на средства за основање и начинот на нивното обезбедување“. Ваквата состојба не овозможува да се потврди реалноста и веродостојноста на искажаниот износ од 56.491 илјади денари на капиталот во трговските книги и финансиските извештаи за 2023 година, како и негово запишување во Централниот регистар кој претставува централна информативна база на правни и друг вид релевантни податоци, а е од особена важност при вреднување на претпријатието, утврдување на кредитниот рејтинг, воспоставување на јавно приватно партнерство или при евентуална делба.

Препорака:

Одговорните лица за раководење и управување на претпријатието во соработка со основачот да преземат активности за:

- утврдување на објективната вредност на основната главнина со која располага претпријатието од овластени проценители и
- евидентирање на основачкиот влог/капиталот во единствениот трговски регистар и регистарот на други правни лица при Централниот регистар на Република Северна Македонија.

3.1.3. Во трговските книги и финансиските извештаи со состојба 31.12.2023 година, претпријатието има искажано побарувања во износ од 46.523 илјади денари.

**Графикон бр.1 Структура на побарувањата на 31.12.2023 година**



Со извршената анализа на побарувањата, старосната структура, како и преземените мерки за нивна наплата, ги утврдивме следниве состојби:

- побарувањата по основ на продажба на вода и услуги се со следната старосна структура: 2.909 илјади денари се побарувања со старост до една година, а побарувањата во износ од 21.146 илјади денари се со старост од една до пет години, односно истите се настанати во период од 2018 година до 2022 година и претставуваат 46% од вкупните побарувања (од правни лица во износ од 9.926 илјади денари и од физичките лица во износ од 11.220 илјади денари). Побарувањата кои се настанати во период подолг од 6 до 20 години се проценети во износ од 22.468 илјади денари што претставуваат 48% од вкупните побарувања и тоа: од правни лица во износ од 10.924 илјади денари, од кои за 10.212 илјади денари не се утврдени корисниците на услугите и побарувања од физичките лица во износ од 11.544 илјади денари. За истите претпријатието не преземало активности за нивна наплата согласно член 360 и 377 од Законот за облигационите односи, каде е уредено правото на утврдување и наплата.

  За овие побарувања од страна на одговорните лица не беа образложени причините поради кои ЈКП во законските рокови нема преземено мерки за искористување на правото за нивно утужување и барање на присилно исполнување и наплата. Наведената состојба не е во согласност со член 13 и 19 од Законот за јавните претпријатија, кои се однесуваат на обврската за заштита и унапредување на добрата од општ интерес и деловната политика на јавното претпријатие;
- согласно член 367 од Законот за облигационите односи утврден е едногодишен рок на застареност за побарувањата за испорачана вода и за одржување на чистота, кога испораката односно услугата е извршена за потребите на домаќинствата, додека со член 363 од законот, меѓусебните побарувања на договорните страни од договорите во прометот на стоки и услуги, како и побарувањата на надомест за издатоци направени во врска со тие договори, застаруваат за три години. Поради не преземените целосни мерки за наплата на побарувањата во минати години, а имајќи го во предвид рокот на застареност, постои голема неизвесност за нивна наплата. Од страна на ЈКП нема извршено обезвреднување на побарувањата од купувачи кога постои објективен доказ дека претпријатието нема да може да ги наплати побарувањата, ниту има направено проценка за обезвреднување на истите. Поради ваквата состојба, ревизијата не беше во можност да ги утврди ефектите врз нето сметководствената вредност на побарувањата од купувачи на ден 31 декември 2023 година, ниту врз нето резултатот што завршува со тој датум, што не е во согласност со Оддел 23 точка 27 од МСФИ за МСЕ, кој пропишува дека доколку не постои веројатност за наплата на износот

што е веќе признат како приход, ентитетот го признава ненаплатливиот износ како расход наместо како исправка на износот на приходот.

- во ЈКП воспоставена е пракса еднаш годишно на испраќање предлог за издавање на нотарски платен налог за оние кои и покрај опомената не го подмириле долгот. Иако, самиот билинг систем електронски ја изготвува листата на субјекти кои се со заостанати долгови, од страна на правната служба селективно се врши изборот на субјектите за кои се преземат активности и истите се одобруваат од страна на директорот. Имено, во декември 2023 година, системот генерирал листа на 4.016 физички лица и 303 правни лица кои имаат заостанат долг и исполнуваат услов да бидат поведени предлози за издавање на нотарски платен налог. Од нив се селектирани само 150 физички лица со заостанат долг од 12 месеци во вредност од 1.605 илјади денари, додека за правните лица воопшто не се преземени активности за издавање на нотарски платен налог, што остава простор за субјективност во одлучувањето и постапувањето.

Ненавременото и селективно преземање на мерки за наплата на побарувањата, неизвршеното обезвреднување на побарувањата кога постои објективен доказ дека претпријатието нема да може да ги наплати, имаат за ефект нереално и необјективно презентирање на финансиските извештаи за 2023 година и помалку остварени приходи.

**Препорака:**

Одговорните лица за раководење и управување во претпријатието да преземат активности за:

- навремена и целосна наплата на побарувањата и
- оценка на наплатливост на побарувањата на крајот на секој период на известување и врз основа на веродостојни докази да предложат соодветен акт за постапување.

3.1.4. Залихите на суровини, материјали, резервни делови и ситен инвентар, на 31.12.2023 година се проценети во износ од 3.538 илјади денари.

Со извршената ревизија на залихите и увид во документацијата, утврдивме дека од вкупните залихи на суровини и материјали кои изнесуваат 3.206 илјади денари, 1.438 илјади денари или 44.85% се набавени пред 2022 година и истите во последните три години немаат промени во нивната состојба, поради што постои можност повеќе да немаат употребна вредност, односно да се технолошко застарени. Исто така, за одредени суровини и материјали кои јавното претпријатие ги има на залиха, почнувајќи од 2021 година во континуитет се вршат набавки на нови суровини и материјали во вредност од 711 илјади денари, иако истите до денот на ревизијата не се издадени. Имајќи во предвид дека за овие залихи е изминат период од неколку години, на крајот

на пресметковниот период, не е утврдена нивната нето реализациона вредност, со цел да се определи дали постои разлика помеѓу проценетата продажна и набавна вредност и доколку постои соодветно да се евидентира пониската од нив во согласност со барањата на Оддел 13.19 од МСФИ за МСЕ.
Со извршениот теренскиот увид во магацините утврдивме несоодветно чување на залихите на суровини, материјали, резервни делови и ситен инвентар.

Слика бр.1 Суровини, материјали, резервни делови и ситен инвентар на залиха



Ваквиот начин на управување со залихите без тие да се одржуваат на оптимално ниво, создава ризик од нивно застарување, а неизвршената проценка на крајот на периодот на известување дали некои од залихите се обезвреднети т.е. дали сметководствената вредност нема да може во целост да се надомести влијае врз реално и објективно прикажување на вредноста на залихите во Билансот на состојба на ден 31.12.2023 година и на расходите и финансискиот резултат од работењето.

Препорака:
Одговорните лица за раководење и управување да преземат мерки и активности за:

- утврдување на методи кои што ќе овозможат ефикасно управување со залихите и нивно одржување на оптимално ниво и
- утврдување на вредноста на залихите по нивното почетно признавање на крајот на деловната година и прикажување на вредноста на залихите во финансиските извештаи според нивната усогласена вредност.

3.1.5. ЈКП „Брегалница“ Делчево согласно одредбите од член 473 од Законот за трговските друштва има обврска најмалку еднаш годишно да изврши попис на средствата и обврските и да ја усогласи нивната сметководствена со фактичката состојба утврдена со пописот. Со извршената ревизија на презентираниот пописен материјал, утврдивме дека пописот на средствата и

обврските со состојба на 31 декември 2023 година не е извршен на начин предвиден со законските одредби и Правилникот за начинот на вршење на попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот, од следниве причини:

- јавното претпријатие нема донесено посебен акт со кој ќе го утврди начинот на вршење попис кој одговара на специфичностите на неговата дејност и на карактеристиките на средствата и обврските кои се предмет на пописот што не е во согласност со член 5 од Правилникот;
- во пописните листи за земјиште и градежните објекти недостасуваат податоци кои поблиску го опишуваат објектот (локација, имотен лист, површина), вредноста на средствата, поради што не е извршено вредносно усогласување меѓу сметководствената и фактичката состојба и утврдување на евентуалните разлики (кусок/вишок), што не е во согласност со член 11 став 3, 4 и 5 од Правилникот;
- во пописните листи од извршениот физички попис не се внесени податоци за видовите, единиците на мерки и фактичките вредности, поединечно за средствата кои се предмет на пописот. Исто така, не се составени пописните листи посебно, според аналитичките сметки на средствата кои се предмет на пописот во најмалку два примерока, што не е во согласност со член 10 став 4 и 5 од Правилникот;
- не е извршен попис на нематеријалните средства, материјалните средства во подготовка, долгорочните финансиски средства, не е утврдена фактичката состојба на паричните средства на дебитната картица, побарувањата од вработените и активните временски разграничувања. Исто така, не е извршен попис на побарувањата и обврските од државни органи и институции, што не е во согласност со член 4 од Правилникот;
- состојбата на побарувањата од купувачите и обврските спрема добавувачите утврдена со пописот, не е потврдена со соодветни постапки преку потврди на салдата за утврдување на фактичката состојба на побарувањата и обврските, воедно не е утврдена старосна структура и не е наведен правниот основ по кои се настанати истите, што не е во согласност со член 7 став 2 од Правилникот;
- Извештајот за извршен попис не содржи преглед на материјалните и вредносните разлики меѓу фактичката и сметководствената состојба и причините за разликите што не е во согласност со член 12 од Правилникот.

Нецелосно и неправилно извршениот попис на средствата и обврските и не усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот, не дава уверување за искажаните состојби во трговските книги и финансиските извештаи за 2023 година.

Препорака:

Одговорните лица за раководење и управување со претпријатието да преземат активности и мерки за:

- донесување на интерен акт за вршење на попис кој одговара на специфичностите на неговата дејност и
- да ги задолжат пописните комисии да направат целосен попис на средствата и обврските, да извршат усогласување на сметководствената со фактичката состојба на начин пропишан со правилникот, а извештајот за извршениот попис да ги содржи сите елементи согласно правилникот.

3.1.6. Ревизијата утврди слабости во однос на обврската на јавното претпријатие за водење на сметководството, составување на годишна сметка и финансиски извештаи, односно ЈКП „Брегалница“ Делчево нема донесено сметководствени политики кои се применуваат во изготвувањето, презентирањето и обелоденувањето на финансиските извештаи на претпријатието, кои треба да бидат усогласени со барањата за составување на финансиските извештаи, согласно Оддел 2 - Концепти и преовладувачки принципи и Оддел 10 - Сметководствени политики, проценки и грешки од МСФИ за МСЕ, што може да влијае на објективното презентирање на финансиските извештаи.

Препорака:

Одговорните лица за раководење и управување со претпријатието да преземат активности за донесување на сметководствени политики и нивна целосна примена.

## 3.2 Основ за неповолно мислење за усогласеност со закони и прописи

3.2.1. Во 2023 година евидентирани се трошоци во износ од 34.777 илјади денари за бруто плати на вработените кои во ЈКП „Брегалница“ Делчево имаат статус на административни службеници, даватели на јавни услуги и помошно технички лица. Со извршениот увид во персоналните досиеја на вработените и доставената документација за пресметка и исплата на плата и надоместоци на плата за вработените, ревизијата ги утврди следниве состојби:

- Управниот одбор на ЈКП „Брегалница“ Делчево нема донесено Правилник со кој ќе се уреди начинот на уредување на основната плата и на додатоците на плата на вработените во јавното претпријатие, што не е во согласност со член 37 - ц од Законот за јавните претпријатија и член 38 од Статутот;
- исплатата на платите на вработените кои имаат статус на административни службеници, даватели на јавни услуги и помошно

технички лица во ЈКП „Брегалница“ Делчево се врши според Колективен договор[6], кој не е усогласен со важечката законска регулатива утврдена во член 37 од Законот за јавните претпријатија и Општиот колективен договор за јавниот сектор. Во колективниот договор утврдени се коефициенти на сложеност за секое работно место согласно степенот на образование, кои се применуваат при утврдување на основната плата. Висината на цената на трудот за најнискиот степен на сложеност за пресметување на платите на вработените за 2023 година е утврдена во Одлука[7] за утврдување на висината на најниска нето плата што претставува коефициент на сложеност, донесена од страна на УО. Во текот на месец 04/2023 од страна на УО донесена е Одлука[8] за линеарно зголемување на платите на вработените со минималната плата за месец 03/2023 година, а во месец 11/2023 донесена е Одлука[9] за зголемување на основната плата на вработените за 10% за усогласување со Општиот колективен договор за јавниот сектор. Утврдувањето на висината на најниската нето плата не е во согласност со член 19 став 2 точка 9 од Законот за јавните претпријатија во кој е утврдено дека УО донесува Одлука за утврдување на вредноста на бодот, ниту е испочитувана законската одредба од член 11 став 6 од Законот за јавните претпријатија во кој е утврдено дека основачот дава согласност на актите за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во јавното претпријатие.

Ваквиот начин на постапување не е во согласност и со член 88 од Законот за административни службеници, кој предвидува вредноста на бодот за пресметување на платите на јавните службеници да се утврдува секоја година, во рок од десет дена од денот на влегувањето во сила на финансискиот план на јавното претпријатие, а во рамките на предвидениот буџет/финансиски план, врз основа на вкупниот број на административни службеници распоредени по соодветните нивоа за тековната година.

- Во текот на 2023 година, начинот на пресметка и исплата на плата за вработените кои имаат статус на административни службеници не е усогласен со важечката законска регулатива во делот на основната и исклучителната компонента на плата, односно не е утврдена минимална плата и не е усогласен бројот на бодови за степен на образование, ниту се утврдени додатоците кои ја сочинуваат исклучителната компонента на плата, што не е во согласност со член 4 од Законот за минимална плата со

[6] Колективен договор на ЈКП „Брегалница” Делчево бр.0101-38/8 од 29.02.2008 год.
[7] Бр.0202-439/4 од 27.12.2017 година со утврдена висина од 10. 000 денари,
[8] бр. 0202139/2 од 05.04.2023 година со утврден нето износ од 2.175 денари,
[9] 0202367/5 од 06.11.2023 година со утврдена висина од 11.000 денари.

кој се утврдува висината на минималната плата и членовите 86, 87 и 89 од Законот за административни службеници, кои го регулираат начинот на утврдување на основната и исклучителната компонента на плата;

- со увид во евиденцијата за прекувремена работа, која се води од страна на раководителите на организационите единици, ревизијата утврди дека за дел од вработените прекувремената работа трае повеќе од осум часа во текот на една недела и за секое воведување на прекувремена работа претходно писмено не е известен подрачниот државен инспектор на трудот, што не е во согласност со одредбите на членот 117 став 2 и 6, членот 127 став 3 и членот 148 став 3 од Законот за работните односи. Согласно Колективниот договор за остварените прекувремени часови на работниците им се обезбедуваат слободни денови, кои не се користат на начин, постапка и период утврден во член 69 од Колективниот договор. За слободните денови од страна на директорот не се изготвува решение и не се води посебен образец за слободните денови, туку истите се акумулираат и се користат по поднесено барање од страна на вработените во период подолг од предвидениот.

  Ненавремено известување на Државниот инспекторат за труд за воведување во прекувремената работа на вработените на ЈКП „Брегалница“ Делчево, ја намалува транспарентноста во ангажирање на вработените за прекувремена работа, што може да има негативно влијание врз заштита на правата на работниците и објективноста на податоците презентирани во годишниот извештај за работа на инспекциските служби на Инспекцискиот совет.

- јавното претпријатие нема донесено План за организирање на работата во смени, ниту за ова е испратено известување до Државниот инспекторат за труд што не е во согласност со член 124-а од Законот за работните односи. Исто така, од страна на јавното претпријатие на работникот кој работи ноќно време не се обезбедува соодветна храна или надоместок на трошоци за исхрана во висина од 20% од просечната нето плата по работник исплатена во Република Северна Македонија во претходната година, сразмерно за деновите кога работникот работи ноќе, што не е во согласност со член 128 став 3 точка 2 од Законот за работните односи[10] и

- по основ на работна успешност извршено е наградување на 31 вработено лице врз основа на решенија донесени од страна на директорот во

[10] „Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21 и 111/23

паушални износи/проценти и без предлог од непосреден раководител, што не е во согласност со член 81 од Колективниот договор.

Несоодветната примена на законските прописи со кои се регулира начинот на пресметка и исплата на плата и надоместоци на плата на вработените во јавното претпријатие има влијание врз точноста на пресметката и висината на исплатените плати.

Препорака:

Одговорните лица за раководење и управување да преземат мерки и активности за:

- донесување на Правилник за плати со кој ќе се уредат прашањата за начинот на пресметка на плата, надоместоци на плата и други надоместоци и примања на вработените, согласно важечките законски прописи;
- директорот во соработка со Управниот одбор да преземе мерки за утврдување на вредноста на бодот на основна плата и да се достави до основачот на усвојување во законски предвидениот рок;
- да се изработи План за организирање на работа во смени и доколку има вработени кои работат ноќно време да се извести Државниот инспекторат за труд и
- при носење на решенија за работна успешност да се почитува постапката за наградување предвидена во Колективниот договор.

3.2.2. По спроведени постапки и склучен договор[11] во 2022 година и договор[12] во 2023 година со Приватна агенција за вработување, во текот на 2023 година, јавното претпријатие на име бруто плати за отстапени 11 работници има евидентирано трошоци во висина од 3.184 илјади денари.

Поради недоволниот број на редовно вработени даватели на услуги кои треба да ја вршат основната дејност, ангажирани се лица во континуитет и за период подолг од две години за вршење на редовни работни задачи предвидени со Правилникот за систематизација на работните места. Ваквата состојба не е во согласност со одредбите на член 22 од Законот за вработените во јавниот сектор[13] и член 24 од Законот за приватните агенции за вработување[14], кои предвидуваат во кои случаи, агенцијата може да отстапи работник за вршење

---

[11]Договор бр.13408-4/2022 од 28.09.2022год.

[12]Договор бр.15148-5/2023 од 28.09.2023год.

[13]Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14,199/14,27/16,35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.143/19 и 14/20)

[14] Закон за приватните агенции за вработување („Службен весник на Република Македонија" бр. 113/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 18/20)

на привремени работи и да склучи договор, но не подолго од две години, со или без прекин, што укажува на намалена транспарентност при вработувањето, субјективност во изборот на лица и повластена положба во постапката на нивно ангажирање, како и непостојаност на кадарот кој треба да ги извршува редовните работни задачи во претпријатието.

Графикон бр.2 Преземени работници преку Приватна агенција за вработување од 2020 до 2024 година




По спроведените постапки за вработување во текот на 2024 година, во ЈКП вработени се 5 лица на неопределено време согласно предвидените работни места со Правилникот за систематизација на работни места, со што бројот на привремени вработувања во 2024 година е намален на 5 привремено ангажирани лица.

Препорака:

Одговорните лица за раководење и управување со претпријатието да преземат мерки и активности, привременото ангажирање на работници преку приватни агенции за вработувања да се врши само во случаите кои се предвидени со законските одредби, но не подолго од две години, со или без прекин.

3.2.3. Во услови кога јавното претпријатие нема донесено интерни акти со кои ќе се уреди начинот на: набавки, прием и издавање на залихите и користење на службените моторни возила, во текот на 2023 година, направени се расходи без целосна и веродостојна документација во износ од 3.968 илјади денари и тоа:

- издавањето на материјалите и резервни делови од магацин се врши врз основа на заклучници-испратници доставени и авторизирани само од лицето што ги издава и лицето кои ги прима материјалите, без истите да бидат одобрени од страна на одговорно лице. Во текот на 2023 година, издадени се материјали во вредност од 1.602 илјади денари за кои не се изготвени работни налози, градежен дневник и градежна книга, што не

дава уверување во реалноста на направените трошоци односно не може да се утврди каде истите се вградени;

- извршувањето на работата со помош на товарните моторни возила се одвива без да се добие писмен налог од раководителите на организационите единици од каде може да се согледа каде и за која намена се користи возилото, не се изготвуваат патните налози за користење на товарно моторно возило и недостасуваат податоци за службеното дејствие што се врши, местото на поаѓање и местото на упатување, поминати километри, авторизација од страна на возачот и корисникот. По основ на потрошено гориво евидентирани се расходи во вредност од 2.366 илјади денари.

Утврдените состојби не се во согласност со член 469 и 472 од Законот за трговските друштва, не овозможуваат потврдување на реалноста на направените трошоци и не даваат уверување во наменското користење на средствата на претпријатието.

Препорака:

Одговорните лица за раководење и управување со претпријатието да изготват и усвојат пишани процедури со кои ќе се регулираат условите и начинот на: прием и издавање на залихите и користење на службените возила и по истите да постапуваат.

3.2.4. Во трговските книги и финансиските извештаи на ЈКП „Брегалница“ Делчево со состојба 31.12.2023 година, искажани се обврски за надомест за користење вода и надомест за испуштање води во износ од 3.858 илјади денари. Од извршениот увид во приложената документација, ревизијата ги утврди следниве состојби:

- согласно дозволата за користење на вода, претпријатието по основ на надоместок за користење на вода наменета за консумирање од страна на човекот врши наплата на надоместокот во висина од 2% од утврдената цена на метар кубен вода и го прикажува одвоено во сметката за извршена услуга. По овој основ има искажано обврски во износ од 3.305 илјади денари, кои ги нема уплатено на посебна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка, што не е во согласност со член 213 став 8 од Законот[15] за водите;
- претпријатието на подрачјето на Општина Делчево врши одведување на отпадните води, но за вршење на оваа дејност, се нема стекнато со водно право (дозвола) за испуштање на води за системите со кои располага, што

[15] „Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21

не е во согласност со одредбите на член 28 од Законот за води, каде е регулирано дека за испуштање во води и испуштање и фрлање на материи и супстанции во површинските води е потребна дозвола. Јавното претпријатие во сметките за вода за утврдените количини за одведување отпадни води, го пресметува и посебно искажува надоместокот за испуштање во води во висина од 1% од утврдената цена на услугата од давателот на услугата за собирање и прочистување на отпадните води и за 2023 година има искажано обврски во вкупен износ од 553 илјади денари. Наплатениот надоместок по овој основ јавното претпријатие го нема уплатено на посебна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка што не е во согласност со член 214 став 9 од Законот за водите.

Не поседувањето на соодветни дозволи ја доведува во прашање законитоста и одговорноста на ЈКП како давател на услуги во вршење на неговата дејност, а не уплатените надоместоци за користење и испуштање на води, имаат за ефект помалку остварени средства во Буџетот на Република Северна Македонија.

Препорака:

Одговорното лице и надлежните органи за раководење и управување со претпријатието да преземат активности за:

- поднесување барање до органот на државната управа надлежен за работите од областите за вршење на дејностите за дозвола за испуштање во води;
- наплатените надоместоци за користење и испуштање во води навремено да се уплатуваат во Буџетот на Република Северна Македонија.

3.2.5. ЈКП „Брегалница“ Делчево е основано за вршење на стопански дејности од јавен интерес. Согласно Статутот во својот делокруг на работење предвидено е да врши комунална дејност од јавен интерес на подрачјето на Општина Делчево. Од извршениот увид во доставената документација и донесените акти во рамки на спроведување на своите надлежноста, ревизијата ги утврди следните состојби:

- ЈКП нема воспоставено евиденција согласно член 50 од Законот за управување со отпад и Правилникот за формата и содржината на дневникот за евиденција за постапување со отпад, формата и содржината на формуларите за идентификација и транспорт на отпадот и формата и содржината на обрасците за годишни извештаи за постапување со отпад, нивна консолидација на крајот на годината и нивно доставување најдоцна до 31 јануари во тековната за претходната година до надлежниот орган за вршење на стручните работи од областа на животната средина, односно градоначалникот на општината;

- врз основа на утврдената висина на надоместокот за одржување на јавната чистота, ЈКП врши наплата на надоместок за одржување на јавна чистота преку доставување на сметки за вода и собирање и транспортирање на комуналниот отпад, кој се прикажува одвоено на сметката на извршените услуги. Согласно член 25 од Законот за јавна чистота, средствата собрани од надоместокот се приход на буџетот на општината и се користат за финансирање на Програмата за јавна чистота. ЈКП во текот на 2023 година по основ на надоместок за одржување на јавна чистота наплатило 1.590 илјади денари, но не извршило уплата на средствата на сметката на буџетот на општината, што има за ефект помалку остварени приходи во Буџетот на Општина Делчево.
- ЈКП „Брегалница" Делчево преку доставување на сметките за вода и собирање и транспортирање на комуналниот отпад врши наплата на надомест за одржување на јавното градско зеленило и за 2023 година наплатило 1.409 илјади денари, но не извршило уплата на средствата на сметката на буџетот на општината, што не е во согласност со член 26 од Законот за комуналните дејности[16] и има за ефект помалку остварени приходи во Буџетот на Општина Делчево.
- ЈКП „Брегалница" Делчево своето работење го остварува преку Програмата[17] за одржување на јавна чистота на територија на Општина Делчево за 2023 година, донесена од страна на Советот на Општина Делчево, но нема склучено договор за уредување на односите со општината, што не е во согласност со програмата. За извршените работни активности: услуги за одржување на јавната чистота, паркови и зеленило, собирање и транспортирање на комунален отпад, јавното претпријатие за период од месец 06 до 12. 2023 година нема доставено соодветна документација (работни налози, фактури) врз основа на кои ќе се потврди обемот, количината и вредноста на извршени услугите, односно за извршените работи. Ваквата состојба не е во согласност со член 472 од Законот за трговските друштва со кој е уредено дека трговските книги се водат врз основа на веродостојни сметководствени документи и не дава можност за увид и контрола во реализацијата на извршените активности.

Во текот на ревизијата од страна на одговорното лице во соработка со основачот преземени се активности и склучена е Рамковна спогодба за соработка и уредување на меѓусебните односи за начинот и условите за извршување на работите со градоначалникот на Општина Делчево, а согласно Програмата.

[16] „Сл. Весник на Република Македонија" број 95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16 и 64/18 и „Сл. Весник на Република Северна Македонија" бр. 302/20
[17] Програма за одржување на јавна чистота во Општина Делчево за 2023 бр.0102-119/1 од 16.03.2023

Препорака:

Надлежните органи за раководење и управување во јавното претпријатие во соработка со надлежните органи на Општина Делчево да преземат мерки и активности за:

- воспоставување на евиденција за постапување со отпад и изготвување на годишни извештаи за постапување со отпад како и нивна консолидација на крајот на годината и нивно доставување до градоначалникот на општината;
- средствата од надоместокот за одржување на јавна чистота и надоместокот за одржување на јавното градско зеленило редовно да се уплаќаат на сметката на општината;
- доставување на фактури и целосна документација до Општина Делчево со која ќе се потврди обемот, количина и вредноста на извршени работи и услуги.

3.2.6. По основ на извршување на дејноста за отстранување на отпадоци и смет, обработка и депонирање на комунален и цврст отпад и депонирање на индустриски отпад во деловните книги и финансиските извештаи за 2023 година ЈКП „Брегалница“ Делчево, има искажано приходи во износ од 12.163 илјади денари. ЈКП ја извршува оваа надлежност на територијата на Општина Делчево и врши наплата на надоместок за управување со комунален отпад кој опфаќа: услуга за собирање, транспортирање и селектирање на комунален отпад и услуга за третман на комунален отпад од крајните корисници преку доставување на сметки, врз основа на цени утврдени од 2009 година со Одлука[18] за утврдување на висина на цените за комунални услуги донесена од страна на УО за што има добиено согласност од основачот. Со ваквото постапување не била испочитувана обврската од член 121 од Законот за управување со отпад[19] со важност во дадениот период на утврдување на цената на услугата за управување со отпадот, во кој е регулирано кога давателот на услугата е јавно претпријатие основано од општината, цената се утврдува на предлог на градоначалникот и ја одобрува советот на општината. Цените се утврдени според денар по квадратен метар за станбена, односно дворна површина за домаќинства и правни лица и не се во согласност со критериумите предвидени во Методологијата за пресметување на цената за собирање, транспортирање и отстранување на отпад донесена во 2013 година од страна на министерот за животна средина, која со Законот за управување со отпад[20] ќе се применува сè до донесување на подзаконските акти: План за тарифи за отпад

[18] Бр.0202-304/3 од 16.12.2009 година

[19] „Службен весник на Република Македонија“ бр. 68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 156/15, 192/15, 39/16 и 63/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/20

[20] „Службен весник на РМ“ бр. 216/2021

и Правилник за утврдување на тарифата на услугата за управување со комунален отпад[21], кои до денот на ревизија не се донесени.

Утврдените цени од 2009 година не ги покриваат трошоците на давателот на услуга/ЈКП направени за обезбедување на услугата кои треба да се засновани пред сè на: оперативни трошоци, трошоци за одржување и трошоци за капитални инвестиции, ниту ја вклучува секоја услуга и активност која се реализира во постапувањето со отпад, со цел да може да се обезбеди поврат на трошоците како и почитување на принципот "загадувачот плаќа".

Препорака:

Надлежните органи за раководење и управување во јавното претпријатие да преземат активности за утврдување на цената за постапување со отпад согласно критериумите предвидени во Методологијата за пресметување на цената за собирање, транспортирање и отстранување на отпад.

3.2.7. Со Правилникот за организација и систематизација на работните места на ЈКП „Брегалница" Делчево не е предвидена организациона единица за внатрешна ревизија, ниту е склучен договор со друг субјект од јавниот сектор. Поради тоа што вкупните приходи на ЈКП го надминуваат износот од 50 милиони денари, раководителот на субјектот имал обврска да основа организациона единица за внатрешна ревизија со законски предвиден број на работни места кои се однесуваат на вршење на работи поврзани со внатрешна ревизија согласно член 30 став 2 и 31 став 1 алинеја 1 од ЗЈВФК, што не е направено. Ваквата состојба е причина за не преземени активности за донесување на стратешки и годишен план за извршување на внатрешната ревизија за 2023 година и нивно доставување до Централната единица за хармонизација, што не е во согласност со член 40 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола.

Не воспоставената единица за внатрешната ревизија не му овозможува на раководството на јавното претпријатие да добие информации за постоење и функционирање на интерните контроли, информации за веродостојноста и сеопфатноста на финансиските и оперативните активности при работењето и усогласеноста со законите и подзаконските акти.

Препорака:

Одговорното лице на претпријатието да преземе мерки и активности за измени и дополнување на актот за организација и систематизација со единица за внатрешна ревизија со најмалку еден внатрешен ревизор и раководител на единица за внатрешна ревизија.

[21] член 105 став 4

## 4. Нагласување на прашања

4.1. Од извршената анализа на податоците добиени од Секторот за правни работи, заклучно со крајот на 2023 година утврдивме дека во својство на тужена странка ЈКП „Брегалница" Делчево се јавува во 38 предмети чија вредност е проценета во износ од 2.367 илјади денари. Најголем дел од постапките во кои е тужено претпријатието, односно 34 постапки се од страна на вработените по основ на регрес за годишен одмор во износ од 384 илјади денари, а од страна на правни лица поведени се 3 постапки по основ на неподмирени долгови во износ од 1.983 илјади денари.

Сметаме за потребно да истакнеме дека за наведените судски постапки кои се уште се водат пред надлежните судови и до денот на ревизијата конечниот исход не е познат, постои неизвесност во однос на финансиските импликации кои тие ќе ги предизвикаат врз работењето на претпријатието во идниот период.

## 5. Клучни ревизорски прашања

Клучни прашања за ревизијата се оние прашања кои, според професионалното расудување на ревизорот, се од најголемо значење во ревизијата на финансиски извештаи. Овие прашања се наведуваат во контекст на ревизијата на финансиските извештаи во целина и во формирањето на ревизорското мислење за истите, како и дека ревизорот не дава посебно мислење за овие прашања. Дополнително покрај состојбите опишани во основот за неповолно мислење за финансиските извештаи, ревизијата го идентификуваше следното прашање опишано подолу како клучно ревизорско прашање кое е комуницирано и со одговорното лице на ЈКП „Брегалница" Делчево.

5.1. ЈКП „Брегалница" Делчево согласно дозвола и решение издадени од МЖСПП го снабдува со вода за пиење населението во Општина Делчево. Со увид во документација поврзана со начинот на испорака, динамика, мерење и плаќање на испорачаните количини утврдивме дека количината на произведената вода значително отстапува од количината на приходуваната вода, односно според евиденцијата која се води во претпријатието утврдивме дека во водоснабдителниот систем количините на произведената/испорачана вода се 1.309.402 м$^3$ вода за пиење, а количината на приходувана вода за пиење е 505.722 м$^3$ вода, што претставува 38,63% од вкупно произведената и укажува на висок процент на загуба од 61,37%. Регистрираните загуби на вода во водоснабдителниот систем, генерално се делат на технички, комерцијални и загуби предизвикани од комунална потрошувачка.

За утврдените загуби на вода во системот за водоснабдување во продолжение следи преглед со графички приказ преку кој може да се согледа загубата на вода на годишно ниво за период од 2020 до 2024 година.

**Графикон бр.3 Остварен физички обем на испорачана и фактурирана вода 2020 - 2024 година**




Непреземањето мерки за минимизирање и отстранување на причините за техничките и комерцијалните загуби на вода преку активности за реална и објективна потрошувачка на вода за пиење, предизвикува нереална и необјективна состојба во процесот на фактурирање на испорачаната количина на вода за пиење и има за ефект помалку остварени приходи на претпријатието, помалку пресметан ДДВ и помалку пресметан надоместок за вода кои претставуваат приходи на Буџетот на државата.

Истакнуваме дека надлежните лица на ЈКП „Брегалница“ Делчево треба да преземат мерки и активности за анализа на состојбата, донесување и реализација на планови за минимизирање и отстранување на причините кои придонесуваат за загуба на водата во водоснабдителниот систем.

## 6. Законска основа за ревизијата и временски период

Ревизијата на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2024 година, согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

Ревизијата е спроведена во периодот од 23.09.2024 до 25.11.2024 година, кај ЈКП „Брегалница” Делчево од тим на Државниот завод за ревизија.

Од страна на Државен завод за ревизија извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи за 2003 година, при што е изразено мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и неповолно мислење за усогласеност со закони и прописи.

Спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2003 година, не беше предмет на оваа ревизија, од причина што од последната ревизија изминат е подолг временски период и настанати се промени во законската регулатива со која е уредено работењето.

## 7. Опфат и ограничувања

Нема ограничувања во опфатот на ревизијата.

## 8. Одговорност за финансиски извештаи

Финансиските извештаи се одговорност на раководството на субјектот ЈКП „Брегалница“ Делчево застапувани од:

- Стојче Стојковски, директор од 18.05.2018 година.

Оваа одговорност вклучува изготвување, имплементација и одржување на внатрешна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите. Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 9. Одговорност на ревизорите

Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

Разумно уверување е високо ниво на увереност, но тоа не е гаранција дека при извршената ревизија согласно со ISSAI секогаш ќе бидат откриени сите материјално погрешни прикажувања кога таквите постојат, како и сите грешки и неусогласености со закони и прописи. Погрешните прикажувања може да се резултат на измама или грешка и се сметаат за материјално значајни, ако поединечно или во вкупен износ, можат да влијаат на економските одлуки на корисниците донесени врз основа на овие финансиски извештаи.

Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи на ЈКП „Брегалница“ Делчево, врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на одговорното лице на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Комуницираме со оние кои се одговорни за управувањето во врска со планираниот опфат и временски распоред на ревизијата и значајните наоди во ревизијата, вклучувајќи ги и сите значајни недостатоци во внатрешната контрола што сме ги утврдиле во текот на ревизијата.

Од прашањата за кои се дискутирало со оние кои се одговорни за управувањето, ги одредуваме прашањата кои биле од најголемо значење во ревизијата на финансиските извештаи за тековниот период и затоа се клучни ревизорски прашања. Ги опишуваме овие прашања во ревизорскиот извештај, освен ако законот или друга регулатива не го исклучуваат јавното објавување на ова прашање или кога, во исклучително ретки околности, утврдуваме дека за прашањето не треба да се известува во нашиот извештај, бидејќи штетните последици од истото би можеле реално да ги надминат придобивките од јавната корист од таквото објавување.

## 10. Недостатоци во внатрешната контрола

10.1. Во ЈКП „Брегалница“ Делчево не се преземени мерки и активности за воспоставување на систем за внатрешни контроли од областа на прием, движење на документацијата и издавање, односно по извршената проверка на функционирањето на внатрешните контроли, ревизијата ги констатира следниве состојби:

- не се донесени процедури за клучните активности поврзани со економските операции: текот на движење на документацијата за секое ниво на одговорност, поделба на должностите и одговорностите на лицата вклучени во процесите и систем за следење;
- евидентираните документи во трговските книги не се контролирани /ликвидирани од соодветно лице, односно не е донесен акт за овластување на лице кое ќе врши контрола на влезните и излезните документи, за да се потврди целосноста, комплетноста и точноста на истите. Исто така не е назначено лице за следење на реализацијата на склучените договори со економските оператори по спроведените постапки за јавни набавки.

Наведените состојби не се во согласност со одредбите од Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор вклучително и на јавните претпријатија, што влијаат на постоење на ризици во трговските книги да се евидентираат трансакции кои не се веродостојни, комплетни и точни или воопшто да не се евидентираат трансакции кои реално се извршени.

Препорака:

Надлежните органи за управување и раководење со претпријатието да преземат мерки и активности за воспоставување на пишани процедури за движењето на документацијата и назначување на одговорни лица кое ќе се грижи за комплетноста и точноста на податоците како и за реализацијата на склучените договори со економските оператори по спроведените постапки за јавни набавки.

## 11. Одговор на ревидираниот субјект

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот за 2023 година одржан на ден 06.12.2024 година за кои дадоа свои коментари, објаснување.

Од страна на одговорното лице, не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ „БРЕГАЛНИЦА“ДЕЛЧЕВО

БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2023 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жenија | 2023 | 2022 |
|---|---|---|---|
| ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА | 3.1. | 48.729 | 44.228 |
| ОСТАНАТИ ПРИХОДИ | 3.2. | 2.929 | 2.799 |
| ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА НА НЕПОВРЗАНИ ДРУШТВА | 3.3. | 840 | 1.968 |
| **Вкупни приходи од работењето** | | **52.498** | **48.995** |
| | | | |
| ТРОШОЦИ ЗА СУРОВИНИ И ДРУГИ МАТЕРИЈАЛИ | 3.4. | 6.622 | 8.136 |
| ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ | 3.5. | 5.897 | 5.599 |
| ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ НА ПЛАТА И ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ | 3.6. | 35.976 | 31.929 |
| ТРОШОЦИ ЗА АМОРТИЗАЦИЈА | 3.7. | 5.767 | 5.554 |
| ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ ОД РАБОТЕЊЕТО | 3.8. | 1.471 | 1.077 |
| ОСТАНАТИ РАСХОДИ | 3.9. | 284 | 221 |
| **Вкупно расходи од работењето** | | **56.017** | **52.516** |
| | | | |
| ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ | 3.10. | 400 | 395 |
| ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ | 3.11. | 46 | 18 |
| | | | |
| ЗАГУБА ОД РЕДОВНО РАБОТЕЊЕ | 3.12. | (3.165) | (3.144) |

ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ „БРЕГАЛНИЦА“ДЕЛЧЕВО

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-женија | 2023 | 2022 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ | 4.1. | 1.293 | 2.000 |
| ПОБАРУВАЊА ОД КУПУВАЧИ | 4.2. | 45.651 | 42.908 |
| ПОБАРУВАЊА ЗА ДАДЕНИ АВАНСИ | 4.3. | 132 | 118 |
| ПОБАРУВАЊА ОД ДРЖАВНИ ОРГАНИ И ИНСТИТУЦИИ | 4.4. | 75 | 181 |
| ПОБАРУВАЊА ОД ВРАБОТЕНИТЕ | 4.5. | 6 | 10 |
| ПЛАТЕНИ ТРОШОЦИ ЗА ИДНИ ПЕРИОДИ И ПРЕСМЕТАНИ ПРИХОДИ (АВР) | 4.6. | 23 | 18 |
| ЗАЛИХИ | 4.7. | 3.538 | 3.401 |
| **Вкупно тековни средства** | | **50.718** | **48.636** |
| **Нетековни средства** | | | |
| НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА | 4.8. | 274 | 348 |
| МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА | 4.9. | 58.306 | 63.583 |
| **Вкупно нетековни средства** | | **58.580** | **63.931** |
| **Вкупна актива** | | **109.298** | **112.567** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ СПРЕМА ПОВРЗАНИ ДРУШТВА | 5.1. | 9.755 | 8.071 |
| КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ СПРЕМА ДОБАВУВАЧИ | 5.2. | 16.501 | 18.332 |
| ПРИМЕНИ АВАНСИ, КРАТКОРОЧНИ ДЕПОЗИТИ И КАУЦИИ | 5.3. | 61 | 2 |
| КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ ЗА ДАНОЦИ, ПРИДОНЕСИ И ДРУГИ ДАВАЧКИ | 5.4. | 246 | 139 |
| ОБВРСКИ СПРЕМА ВРАБОТЕНИТЕ | 5.5. | 4.707 | 4.035 |
| ОСТАНАТИ КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ И КРАТКОРОЧНИ РЕЗЕРВИРАЊА | 5.6. | 2.006 | 20 |
| ОДЛОЖЕНИ ПЛАЌАЊА НА ТРОШОЦИ И ПРИХОДИ НА ИДНИ ПЕРИОДИ (ПВР) | 5.7. | 35.869 | 38.650 |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | | **69.145** | **69.249** |
| **Главнина и резерви** | | | |
| ОСНОВНА ГЛАВНИНА -ЗАПИШАН И УПЛАТЕН КАПИТАЛ | 6.1. | 56.491 | 56.491 |
| РЕЗЕРВИ | 6.2. | 2.115 | 2.115 |
| АКУМУЛИРАНА ДОБИВКА | 6.3. | 1.642 | 4.786 |
| ПРЕНЕСЕНА ЗАГУБА | 6.4. | (16.930) | (16.930) |
| ЗАГУБА ОД ТЕКОВНАТА ГОДИНА | 6.5. | (3.165) | (3.144) |
| **Вкупно главнина и резерви** | | **40.153** | **43.318** |
| **Вкупна пасива** | | **109.298** | **112.567** |

ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ „БРЕГАЛНИЦА“ДЕЛЧЕВО

ПРЕГЛЕД НА ПРОМЕНИ НА КАПИТАЛОТ И РЕЗЕРВИТЕ ВО 2023 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Основна главнина | Резерви | Акумулирана добивка | Пренесена загуба и загуба за тековната година | ВКУПНО КАПИТАЛ И РЕЗЕРВИ |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 4 | 3 | 4 | 5 | 6 (2 до 5) |
| **Состојба и промени на капиталот и резервите** | | | | | |
| **Состојба на ден 01 јануари 2023** | 56.491 | 2.115 | 4.786 | (20.074) | 43.318 |
| | | | | | |
| Загуба за тековната година | | | | (3.165) | (3.165) |
| **Намалувања:** | | | | | |
| Останати намалувања | | | (3.144) | 3.144 | |
| **Состојба на ден 31. декември 2023** | **56.491** | **2.115** | **1.642** | **(20.095)** | **40.153** |

| | |
|---|---|
| ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ „БРЕГАЛНИЦА“ДЕЛЧЕВО | |
| ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК ЗА 2023 ГОДИНА | |
| | во 000 денари |
| | 2023 |
| ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ | |
| НЕТО ЗАГУБА | (3.165) |
| Усогласување за Трошоци / приходи кои не предизвикуваат одлив /прилив на парични средства | |
| Амортизација | 5.767 |
| **Готовински текови од работење** | **2.602** |
| ПОБАРУВАЊА ОД КУПУВАЧИ | (2.743) |
| ПОБАРУВАЊА ЗА ДАДЕНИ АВАНСИ | (14) |
| ПОБАРУВАЊА ОД ДРЖАВНИ ОРГАНИ И ИНСТИТУЦИИ | 106 |
| ПОБАРУВАЊА ОД ВРАБОТЕНИТЕ | 4 |
| ПЛАТЕНИ ТРОШОЦИ ЗА ИДНИ ПЕРИОДИ И ПРЕСМЕТАНИ ПРИХОДИ (АВР) | (5) |
| ЗАЛИХИ | (137) |
| КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ СПРЕМА ПОВРЗАНИ ДРУШТВА | 1.684 |
| КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ СПРЕМА ДОБАВУВАЧИ | (1.831) |
| ПРИМЕНИ АВАНСИ, КРАТКОРОЧНИ ДЕПОЗИТИ И КАУЦИИ | 59 |
| КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ ЗА ДАНОЦИ, ПРИДОНЕСИ И ДРУГИ ДАВАЧКИ | 107 |
| ОБВРСКИ СПРЕМА ВРАБОТЕНИТЕ | 672 |
| ОСТАНАТИ КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ И КРАТКОРОЧНИ РЕЗЕРВИРАЊА | 1.986 |
| ОДЛОЖЕНИ ПЛАЌАЊА НА ТРОШОЦИ И ПРИХОДИ НА ИДНИ ПЕРИОДИ (ПВР) | (2.781) |
| **Нето готовински текови од оперативно работење** | **(291)** |
| ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ИНВЕСТИЦИОНО РАБОТЕЊЕ | |
| Нематеријални и материјални вложувања | (416) |
| **Нето готовински текови од инвестиционо работење** | **(416)** |
| ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ | |
| Обврски по долгорочни кредити | - |
| Капитал | - |
| **Нето готовински текови од финансиско работење** | **-** |
| НЕТО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА | (707) |
| ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА ПОЧЕТОКОТ НА ГОДИНАТА | 2.000 |
| ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА КРАЈОТ НА ГОДИНАТА | 1.293 |